**202617022620**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

Врз основа на член 10 став 4 алинеја 2 и член 109 став 1 точка 1 точка 7 и точка 13 од Законот за Домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр,54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014 и бр.199/2014, 146/2015, бр.31/2016 и бр.64/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020, бр.150/2022, бр.224/24 и бр.160/2025), Регулаторната комисија за домување, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за начинот на организирање на обука за вршење на дејностите за управување со станбени згради со број: Бр.01-612/1 од 03 ноември 2025 година во („Службен весник на РСМ“ бр.231/2025).

Член 2

Во член 2 точка 4 зборовите “најмалку еднаш” се бришат и се додаваат зборовите ”двапати”.

Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

“Правните субјекти кои сакаат да им се издаде, продолжи или на лицата кои имаат потврда а им истекува важноста на потврдата или не се вработени во правни субјекти кои поседуваат лиценца за управител за дејностите за управување со станбени згради се должни да поднесат барање за обука до Регулаторната комисија за домување во писмена форма по пошта, на електронска пошта rkd@rkd.gov.mk или во архивата на Комисијата”.

Член 4

Во членот 8 по зборовите “пропишува програмата со одлука” се додаваат зборовите “најмногу за период од една година”.

Член 5

Во член 11 зборовите “во рок од три месеци”  се бришат.

Бр. 01-600/1
16 јули 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за домување
Претседател,
**Никола Затуроски,** с.р.